**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 02-351**
**25.08.2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 6, член 20 став 1 алинеи 10 и 13[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 39 став 1 алинеја 5, член 40 и член 43 став 3 од истиот Закон, член 7 став 1 алинеја 8, член 39 став 1 алинеи 10 и 13 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот арх.бр.02-3165/3 од 24.08.2021 година, на 23-та седница, одржана на 24.08.2021 година, ја донесе следната:

## Одлука
## за утврдување на постоење на
## недозволена медиумска концентрација

1. СЕ УТВРДУВА постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, поради тоа што физичкото лице Ѓорѓе Џундов, кое е сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено и како сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Му се наложува на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, во рок од 90 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ја отстрани недозволената медиумска концентрација и да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 40 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација согласно овој Закон.

Согласно член 43 став 1 од ЗАВМУ, доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање. При испитување на ваквите сознанија, Агенцијата ќе побара од радиодифузерот, во рок кој не може да биде пократок од 15 дена

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

и не подолг од 45 дена, да ги достави сите податоци од значење за одлучување на Агенцијата (член 43 став 2 од ЗАВМУ).

Советот на Агенцијата на 21-та седница, одржана на 22.07.2021 година, донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ НОВА ДОО Гевгелија (Уп1 бр.02-332 од 23.07.2021 година). Постапката беше поведена поради тоа што преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, Агенцијата обезбеди документ „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – Тековна состојба", бр.0818-50/150020210331300 од 28.06.2021 година од која беше видно дека физичкото лице Ѓорѓе Цундов, кое е сопственик и управител на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено и како сопственик и управител на ТРД НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и што претставува основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност. Имено, во овој член е утврдено дека, *„Недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како: ...-основачи на друштво за реклама и пропаганда...".* Во Националната класификација на дејности, дејностите реклама и пропаганда се класифицирани во одделот 73 – „Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот". Во групата 73.1 - Маркетинг (реклама и пропаганда) се дефинирани две класи 73.11 - Агенција за маркетинг и 73.12 – Огласување преку медиуми.

Согласно членот 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата побара од ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, во рок од 45 дена од денот на приемот на Одлуката за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност, да ги достави до Агенцијата сите податоци од значење за понатамошно одлучување на Агенцијата. Според повратницата од Македонска пошта, понапред цитираната Одлука беше примена од страна на радиодифузерот на 26.07.2021 година. На 27.07.2021 година, ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија до Агенцијата достави документација со пропратен Допис: Достава на документи бр.033/2021 од 26.07.2021 година (наш Уп1 бр.02-332 од 27.07.2021 година), во кој меѓудругото наведе дека доставува *"оригинал изводи и фактури за 2020 година и дел од 2021 година"*, од кои *„може да се види дека приходите кои се остваруваат не се резултат на огласување, туку изнајмување на просторија на Мрзенски Рид, за поставување на предаватели на Неотел, Рос Метрополис, Агенција за обезбедување Армор и Пет Нет Гевгелија".* Со увид во доставените документи на ТРД НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија беше констатирано дека ниедна од фактурите што се доставени во Агенцијата не е издадена за обезбедување услуги на реклама и пропаганда, односно дека сите се издадени за извршена услуга – наемнина. Според податокот од Завршната сметка (Биланс на успех) на ТРД НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија за 2020 година, беше увидено дека приходите на ова трговско друштво претежно биле остварени од дејноста – огласување преку медиуми. Исто така, и во Тековната состојба на ТРД НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија бр.0805-50/150020210372037 од 20.08.2021 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија наведено е дека приоритетна дејност/главна приходна шифра на дејност е 73.12 – Огласување преку медиуми.

Согласно член 43 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку при испитување на сознанијата од став 1 на овој член, Агенцијата со одлука ќе утврди постоење на недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 став (2) или 38 од овој Закон и ќе му се наложи на радиодифузерот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена и не подолг од 90 дена да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од овој Закон.

Во врска со погоренаведеното, а имајќи ја предвид фактичката состојба дека физичкото лице Ѓорѓе Цундов, кое е сопственик и управител на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено и како сопственик и управител на ТРД НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, м-р Драгица Љубевска, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, согласно Овластување, арх.бр.03-2951/1 од 06.08.2021 година до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.02-351 од 20.08.2021 година, за донесување одлука со која се утврди постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија.

Следствено на наведеното, се донесе одлука со која се утврди постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, затоа што физичкото лице Ѓорѓе Цундов, кое е сопственик и управител на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено и како сопственик и управител на ТРД НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и му се наложи на радиодифузерот согласно член 43 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски во рок од 90 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ја отстрани недозволената медиумска концентрација и да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата ќе постапи согласно член 82 став 1 алинеја 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Врз основа на погоренаведено, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Доставено до:**

- ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија;
- Управителот на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.